


# Уживај во ривалството и играј за супер награди!

**Испрати го кодот на 14 99 14 или на Heineken Macedonia на Viber!**

Наградната игра трае од 15.5. до 11.7.2021 година.

#НавиваjОдговорно #SupportResponsibly

UEFA EURO2020 | Heineken®

Имињата UEFA и EURO 2020, логото и маскотата на UEFA EURO 2020 и трофејот на UEFA European Football Championship се заштитени трговски марки со авторски права на UEFA. Сите права се задржани.

# Правила за наградната игра

# „Уживај во ривалството“

## Член 1: Назив и седиште на трговското друштво

- Организатор на наградната игра **„Уживај во ривалството“** е Друштво за маркетинг ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје, со седиште на улица Франклин Рузвелт 37/3, 1000 Скопје и ЕДБ МК4030996253997 (во понатамошниот текст Организатор).

## Член 2: Услуги и производи заради чие рекламирање се приредува наградната игра

- Цел на наградната игра организирана од ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје е рекламирање на производите на Пивара Скопје АД (Нарачател на наградната игра), односно пиво од брендот **Heineken** во стаклено пакување од 0,33 л и од 0,5л, и лименка во пакување од 0,33л и 0,5л.

## Член 3: Име, опис и времетраење на наградната игра

3.1. Официјалното име на наградната игра е **„Уживај во ривалството“** е наградна игра, во која се квалификуваат за учество сите полнолетни потрошувачи кои ќе купат најмалку 1 (едно) пиво Heineken во кое било од следните пакувања: Heineken од 0,33л и 0,5л во стаклено пакување или лименка од 0,33л и 0,5л., и ќе го испратат кодот од под капачето или отворачот на лименката, на било кој од следните начини: (1) преку СМС порака на телефонскиот број 149914 од операторите Македонски Телеком или А1 во Република Северна Македонија, или (2) на профилот на Heineken Macedonia на Viber и ги исполнуваат условите за учество во наградната игра. Цена на секоја СМС порака е 5,9 ден. за СМС со вклучен ДДВ, на товар на испраќачот, додека испраќањето на кодовите преку Viber е бесплатно.

- Следен чекор е регистрација на потрошувачот во системот за учество во наградната игра, за што е потребно прво да креира свој профил. Корисничкиот профил се креира на еден од следниве начини:

    1) Преку **СМС**, на начин што потрошувачот прво го испраќа кодот под капачето или отворачот на лименката на телефонскиот број 149914, а притоа се креира профил само со податокот за телефонски број; или

    2) Со испраќање на код преку **Viber** - на начин што прво се регистрира телефонскиот број, а како следен чекор, потрошувачот е должен да остави свое име и презиме;

- Едно лице може да учествува во наградната игра со неограничен број СМС/Viber пораки, но со користење различни кодови (од различни пакувања).

3.2. Во наградната игра е предвидено да се доделуваат дневни награди по пат на инстант добивка преку добитни моменти (winning moments) и главни награди по пат на наградни извлекувања.

- Откако учесникот ќе го најде кодот под капачето или отворачот на лименките, потребно е да го испрати преку СМС порака на 149914 или преку Viber порака на профилот на Heineken Macedonia на Viber. Веднаш по внесувањето/испраќањето на кодот, учесникот во наградната игра ќе добие повратна порака, дали внесениот код е добитен или не, односно дали учесникот е добитник на дневна награда преку добитен момент и доколку е, која награда ја освоил. Доколку не е добитник на дневна награда, ќе биде известен дека кодот учествува во наредното извлекување за главни награди. Сите корисници кои ќе испратат кодови во период од 22.01 часот до 08.59 часот, ќе бидат

известени дека во тој период нема добитни моменти и кодовите ќе можат да ги испратат повторно од 09.00 часот до 22.00 часот.

- Добитниците на дневни наградни се одредуваат по пат на инстант добивка преку добитни моменти **(winning moments)** определени по случаен избор (со рандом алгоритам), секој ден во период од 09.00 до 22.00 часот. Добитните моменти **(winning moments)** ќе се менуваат секојдневно. Сите кодови кои ќе бидат испратени од 22.01 часот до 08.59 часот, ќе бидат известени дека ќе треба да ги испратат повторно кодовите во периодот од 09.00 часот до 22.00 часот.
- По добивање на повратна порака дека е добитник на дневна награда, добитникот ќе биде контактиран од страна на оператор ангажиран од Организаторот на телефонскиот број преку кој го има испратено кодот, како би му ја потврдил наградата и би му ги побарал сите потребни податоци (име, презиме и адреса за достава) со цел испорака на наградата на негова адреса. Личните податоци од добитникот се бараат исклучиво заради проверка на правото за учество во наградната игра и за испорака на наградата. Со ова добитникот е согласен податоците за испорака (име, презиме и адреса за достава) да бидат проследени и до правно лице (курирска служба) како би можела да се изврши доставата на наградата.
- За главните награди од наградните извлекувањата, добитниците ќе бидат телефонски контактирани од страна на оператор ангажиран од организаторот на телефонскиот број преку кој го испратил добитниот код, како би му ја потврдиле наградата и би ги побарале сите потребни податоци (име, презиме, адреса за достава и матичен број) со цел испорака на наградата на негова адреса и уплата на персонален данок за добиената награда од страна на организаторот. Личните податоци од добитникот се бараат исклучиво заради проверка на правото за учество во наградната игра,за испорака на наградата и за плаќање на персоналниот данок од наградата. Со ова добитникот е согласен податоците за испорака (име, презиме, адреса за достава) да бидат проследени и до правно лице (курирска служба) да би можела да се изврши доставата на наградата.

3.2.1. Во механизмот Инстант добивка преку добитни моменти ќе се доделуваат вкупно 1620 награди и тоа:

  - По 10 награди секој ден од 15.05.2021 година до 22.05.2021 година (8 дена) во периодот од 09.00 до 22.00 часот
  - По 23 награда секој ден од 23.05.2021 година до 11.06.2021 година (20 дена) во периодот од 09.00 до 22.00 часот
  - По 36 награди секој ден од 12.06.2021 година до 11.07.2021 година (30 дена) во периодот од 09.00 до 22.00 часот

- За доделувањето на предвидените награди во текот на секој ден ќе бидат по случаен избор (со рандом алгоритам), определени добитни моменти (winning moments) во периодот од 09.00 до 22.00 часот.
- Добитник на наградата во одреден добитен момент, е првиот корисник кој ќе испрати код од почетокот на тој добитен момент (winning moment), сѐ до почетокот на следниот добитен момент (winning moment).
- Сите корисници кои ќе испратат код по првиот корисник, односно откако ќе биде доделена награда во одредениот добитен момент сѐ до почетокот на следниот добитен момент (winning moment), ќе добијат порака дека не се добитници на награда и учествуваат во наредното наградно извлекување.
- Во случај во тековниот добитен момент да нема испратено ниту еден код, наградата предвидена за тој добитен момент се префрла во следниот добитен момент (winning moment).
- Притоа, доколку во сите добитни моменти од тековниот ден (од 09.00 до 22.00 часот), не се

доделат сите предвидени награди за тој ден и останат недоделени награди, истите се префрлаат и ќе бидат доделени следниот ден.

- Која награда ќе биде доделена во кој добитен момент (winning moments), се одредува компјутерски преку рандом алгоритам.

3.2.2. Наградните извлекувања ќе се одржат на следниве датуми:

 - 13.06.2021 година во 23:59 часот (за сите кодови кои се испратени од 15.05.2021 година во 00:00 часот до 13.06.2021 година во 23:59 часот и притоа не биле добитни во избраните моменти)
 - 27.06.2021 година во 23:59 часот (за сите кодови кои се испратени од 14.06.2021 година во 00:00 часот до 27.06 во 23:59 часот и притоа не биле добитни во избраните моменти)
 - 11.07.2021 година во 23:59 часот (за сите кодови кои се испратени од 28.06 во 00:00 часот до 11.07.2021 година во 23:59 часот и притоа не биле добитни во избраните моменти)

3.3. Наградната игра започнува на 15.05.2021 година во 00:00 часот и трае до 11.07.2021 година до 23:59 часот.

- Наградите во механизмот Инстант добивка преку добитни термини (winning moments) ќе се доделуваат по следниот распоред:
  - **Во периодот од 15.05.2021 година до 22.05.2021 година**, секој ден предвидено е да се доделуваат следните награди (вкупно 10 дневно):
    - 5 x мултипак пакување од 6 лименки Heineken 0,5L со подарок подметачи (сет од 4 подметачи)
    - 5 x мултипак пакување од 6 лименки Heineken 0,5L со подарок привезок отварач
  - **Во периодот од 23.05.2021 година до 11.06.2021 година**, секој ден предвидено е да се доделуваат следните награди (вкупно 23 дневно):
    - 2 x Heineken Euro 2020 шал
    - 2 x Heineken Euro 2020 отворач за шише
    - 2 x Heineken Euro 2020 фудбалска топка
    - 1 x Heineken Euro 2020 шише за вода
    - 8 x мултипак пакување од 6 лименки Heineken 0,5L со подарок подметачи (сет од 4 подметачи)
    - 8 x мултипак пакување од 6 лименки Heineken 0,5L со подарок привезок отварач
  - **Во периодот од 12.06.2021 година до 11.07.2021 година**, секој ден предвидено е да се доделуваат следните награди (вкупно 36 дневно):
    - 2 x Heineken Euro 2020 шал
    - 10 x Heineken Euro 2020 стар чаша (сет од 6 чаши)
    - 2 x Heineken Euro 2020 отворач за пиво
    - 2 x Heineken Euro 2020 фудбалска топка
    - 10 x мултипак пакување од 6 лименки Heineken 0,5L со подарок подметачи (сет од 4 подметачи)

- 10 x мултипак пакување од 6 лименки Heineken 0,5L со подарок привезок отварач

- Во наградните извлекувања на главни награди ќе се доделува Пакет за гледање фудбал кој ќе содржи: Телевизор ( Hisense H65A7100F 65” Smart Ultra HD LED), , lazy bag и мини фрижидер Heineken со 6 x 0,33 лименки Heineken и 6 x 0,33 лименки Heineken 0.0). Главните награди ќе се извлекуваат во три наврати и тоа:
  - Извлекување на 13.06.2021 година) во 23:59 часот (за сите кодови кои се испратени од 15.05.2021 година во 00:00 часот до 13.06.2021 23:59 часот и притоа не биле добитни во избраните моменти)
  - Извлекување на 27.06.2021 година во 23:59 часот (за сите кодови кои се испратени од 14.06.2021 година во 00:00 часот до 27.06 во 23:59 часот и притоа не биле добитни во избраните моменти)
  - Извлекување на 11.07.2021 година во 23:59 часот (за сите кодови кои се испратени од 28.06.2021 година во 00:00 часот до 11.07 во 23:59 часот и притоа не биле добитни во избраните моменти)

## Член 4: Територија

- Наградната игра се организира и спроведува на територија на Република Северна Македонија.

## Член 5: Рекламирање

- Наградната игра ќе се рекламира во електронските медиуми (телевизија, радио и интернет, социјални медиуми), печатените медиуми и други медиуми, како и на местата каде се продава пивото Heineken.

## Член 6: Награден фонд

- Наградната игра располага вкупно 1623 награди, и тоа 1620 награди во механизмот Инстант добивка преку добитни моменти (winning moments):
  - 100 x Heineken Euro 2020 шал
  - 300 x Heineken Euro 2020 стар чаша (сет 6 чаши)
  - 100 x Heineken Euro 2020 отворач за шише
  - 100 x Heineken Euro 2020 фудбалска топка
  - 20 x Heineken Euro 2020 шише за вода
  - 500 x мултипак пакување од 6 лименки Heineken 0,5L и 4 подметачи за чаши
  - 500 x мултипак пакување од 6 лименки Heineken 0,5L и привезок отворач
- и три награди главни награди:
  - 3 x фудбалски пакет (Телевизор Hisense H65A7100F 65” Smart Ultra HD LED, lazy sofa и мал фрижидер Heineken со 6 x 0,33 лименки Heineken и 6 x 0,33 лименки Heineken 0.0)

Вкупниот максимален награден фонд за целото траење на наградната игра изнесува **717.689,28** денари.

ТАБЕЛА ЗА НАГРАДИ

| Награди кои можат да се освојат во извлекувањата | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на награда | Количина | Вредност на награда без ДДВ | Вкупна вредност на награда со ДДВ | Value |
| фудбалски пакет (Телевизор Hisense H65A7100F 65" Smart Ultra HD LED) | 3 | 30.592 | 36.099 | |
| Lazy sofa Lotus | 3 | 890 | 1.050 | |
| мал фрижидер Heineken | 3 | 6.725 | 6.725 | |
| 6 x 0,33 лименки Heineken и 6 x 0,33 лименки Heineken 0.0 | 3 | 420 | 420 | |
| Вкупна вредност на сите награди | 3 | 38.627 | 44.294 | 132.881,28 ден |
| | 3 | | | **132.881** |
| | | | | |
| | | | | |

| Награди кои можат да се освојат со собирање на поени | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Вид на награда | Количина | Вредност на награда без ДДВ | Вкупна вредност на награда со ДДВ | Value |
| Heineken Euro 2020 шал | 100 | 135 | 135 | 13.500,00 ден |
| Heineken Euro 2020 стар чаша (сет 6 чаши) | 300 | 250 | 250 | 75.000,00 ден |
| Heineken Euro 2020 отворач за шише | 100 | 109 | 109 | 10.900,00 ден |
| Heineken Euro 2020 фудбалска топка | 100 | 242 | 242 | 24.200,00 ден |
| Heineken Euro 2020 шише за вода | 20 | 282 | 282 | 5.640,00 ден |
| мултипак пакување од 6 лименки Heineken 0,5L и 4 подметачи за чаши | 500 | 286 | 286 | 143.000,00 ден |
| мултипак пакување од 6 лименки Heineken 0,5L и привезок отворач | 500 | 554 | 554 | 277.000,00 ден |
| TTL | 1.620 | | | 549.240 |
| | | | | |
| | | | | |
| | | | **TTL** | **682.121,28 ден** |

## Член 7: Услови за учество во наградната игра

- Право на учество во Наградната игра имаат сите полнолетни физички лица, жители на Република Северна Македонија, кои ги прифаќаат и исполнуваат условите на овие правила (учесници).
- Во наградната игра учествуваат сите учесници кои ќе купат најмалку 1 (едно) пиво Heineken од 0,33л или 0,5л во стаклено пакување или лименка од 0,33л или 0,5л и ќе го испратат кодот од под капачето или отворачот на лименката на еден од следните начини: (1) преку СМС порака на телефонскиот број 149914 од операторите Македонски Телеком и А1 во Република Северна Македонија или (2) на профилот Heineken Macedonia на Viber и ги исполнуваат условите за учество во наградната игра.
- Еден код може да се учествува во наградната игра само еднаш.
- Сите корисници кои ќе испратат кодови во период од 22.01 часот до 08.59 часот, ќе бидат известени дека во тој период нема добитни моменти и кодовите ќе можат да ги испратат повторно од 09.00 часот до 22.00 часот.
- Секој учесник кој ќе внесе пет последователни погрешни кодови, ќе биде оневозможен да внесува кодови во наредните 2 часа, со цел да се спречи нарушување на функционалноста на системот. За тоа време, за сите останати учесници наградната игра ќе се одвива непречено.
- Организаторот на наградната игра го задржува правото да ги одбие сите пратени кодови кои се стекнати на нелегитимен начин, репродуцирани, дуплирани, измислени или модифицирани на кој било начин. Организаторот и Нарачателот на наградната игра не одговараат за повремени технички пречки, прекини во интернет сообраќајот.
- За да учествува во наградната игра, секој учесник ќе мора да креира профил на некој од каналите за учество како што е опишано во членот 3 од овие Правила. За учество преку СМС учесникот е доволно да испрати валиден код, со што автоматски се креира профил, со неговиот телефонски број. За учество преку Viber, учесникот треба да потврди дека сака да учествува во наградната игра и потоа да ги внесе неговото име и презиме и телефонскиот број.
- Секој учесник во наградната игра, за испратениот код ќе добие повратна порака како потврда за примениот код и истовремено ќе биде известен доколку неговиот код е добитен или пак не е, согласно претходно воспоставениот алгоритам на добитни термини.

- Доколку испратениот код е валиден и добитен во механизмот на добитни термини, учесникот ќе добие порака:
- Гоол! Успешно шутнавте и добитник сте на _________. Ќе бидете контактирани од нашиот контакт центар, за вашите податоци за достава на наградата. Ви благодариме."
- Доколку испратениот код е валиден, но недобитен во механизмот на добитни термини учесникот ќе добие порака:
- „Статива! За малку го промашивте голот - кодот е недобитен. Но, не се разочарувајте, вашиот код учествува во наредното извлекување за главна награда."
- Доколку испратениот код е испратен во периодот од 22.01 до 08.59 часот, учесникот ќе добие порака:
- „Вашиот код е испратен во период кога нема добитни моменти. Ве молиме испратете го истиот код во период од 09.00 до 22.00 часот. Ви благодариме."
- Доколку испратениот код е погрешен, учесникот ќе добие порака: „Испратениот код е погрешен. Ве молиме обидете се повторно и внесете го точниот код. Ви благодариме".
- Доколку испратениот код е веќе искористен, учесникот ќе добие порака: „Испратениот код е искористен. Ве молиме обидете се повторно и внесете го точниот код. Ви благодариме"
- Едно лице може да учествува во наградната игра неограничен број пати, но со користење различни кодови (од различни пакувања).
- Во наградната игра забрана за учество имаат лицата кои во текот на времетраењето на наградната игра се вработени кај Организаторот на наградната игра (ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје), Нарачателот (Пивара Скопје АД), провајдерот на софтверот за извлекување на наградите НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ и членовите на нивните потесни семејства.
- **Правилата на наградната игра, начинот и условите за учество во наградната игра, како и нејзиното времетраење, Организаторот ќе ги објави на веб-страницата** www.polnacasa.mk, **пред започнување на наградната игра, а по добивањето на Дозвола од страна на Министерството за финансии.**

## Член 8. Добитници во наградната игра

- Во оваа наградна игра е предвидено да се доделуваат награди преку два механизми, и тоа:
  - 1. механизм на Инстант добивка преку добитни моменти, и
  - 2. механизмот на добитно извлекување.

8.1. Преку механизмот Инстант добивка преку добитни моменти се доделуваат 1620 дневни награди и тоа со следниот распоред:

  - **Во периодот од 15.05.2021 до 22.05.2021 година**, секој ден предвидено е да се доделуваат 10 награди;
  - **Во периодот од 23.05.2021 до 11.06.2021 година**, секој ден предвидено е да се доделуваат 23 награда;
  - **Во периодот од 12.06.2021 до 11.07.2021 година**, секој ден предвидено е да се доделуваат 36 награди;

- Добитниците на награди од механизмот Инстант добивка преку добитни моменти (winning moments) добиваат известување за добиената награда веднаш откако ќе го испратат кодот. Известувањето го добиваат преку каналот од кај што го испратиле кодот, а потоа ќе бидат

контактирани од контакт центарот на НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ, за да можат да се земат потребните податоци за достава на наградите.

8.2. Преку механизмот на добитно извлекување предвидено е да има извлекувања на 3 главни награди и тоа со следниот распоред:

- Извлекување на 13.06.2021 година во 23:59 часот (за сите кодови кои се испратени од 15.05.2021 година во 00:00 часот до 13.06.2021 година 23:59 часот и притоа не биле добитни во избраните моменти)
- Извлекување на 27.06.2021 година во 23:59 часот (за сите кодови кои се испратени од 14.06.2021 година во 00:00 часот до 27.06.2021 година во 23:59 часот и притоа не биле добитни во избраните моменти)
- Извлекување на 11.07.2021 година во 23:59 часот (за сите кодови кои се испратени од 28.06.2021 година во 00:00 часот до 11.07.2021 година во 23:59 часот и притоа не биле добитни во избраните моменти)
- Добитниците преку механизмот на извлекување ќе бидат исконтактирани од страна на контакт центарот на НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ, за да можат да се земат потребните податоци.

8.3 Дневните наградите ќе се доделуваат во добитни моменти **(winning moments)** определени по случаен избор (преку компјутерски изработен рандом алгоритам), секој ден во период од 09.00 до 22.00 часот. Добитните моменти **(winning moments)** ќе се менуваат секојдневно.

- За доделувањето на предвидените награди во текот на секој ден, ќе бидат по случаен избор определени добитни моменти (winning moments) во периодот од 09.00 до 22.00 часот.
- Добитник на наградата во одреден добитен момент е првиот учесник во наградната игра кој ќе испрати код во одредениот добитен момент (winning moment), односно во пеиодот од почетокот на одредениот добитен момент (winning moment), сѐ до почетокот на новиот добитен момент (winning moment).
- Сите корисници кои ќе испратат код по првиот корисник, односно откако ќе биде доделена награда во одредениот добитен момент сѐ до почетокот на новиот добитен момент (winning moment), ќе добијат порака дека не се добитници на награда.
- Во случај во тековниот добитен момент да нема испратено ниту еден код, наградата предвидена за тој добитен момент се префрла во следниот добитен момент (winning moment).
- Притоа, доколку во сите добитни моменти од тековниот ден во периодот од 09.00 до 22.00 часот, не се доделат сите предвидени награди за тој ден и останат недоделени награди, истите се префрлаат и ќе бидат доделени следниот ден.
- Која награда ќе биде доделена во кој добитен момент (winning moments), исто така се одредува компјутерски преку рандом алгоритам.
- Сите корисници кои ќе испратат кодови во период од 22.01 часот до 08.59 часот, ќе бидат известени дека во тој период нема добитни моменти и кодовите ќе можат да ги испратат повторно од 09.00 часот до 22.00 часот.
- Во определувањето на добитниците нема да влијае човечки фактор.
- Добитниците ќе се определуваат автоматизирано, без влијание на човечки фактор од страна на специјално креиран софтвер за оваа намена инсталиран во просториите на НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ, со седиште на ул. Црвена Скопска Општина бб, 1000 Скопје.
- Дата центарот е лоциран на следнава адреса Hardtrumstrasse 161, 8005 Цирих, Швајцарија.

- Доколку се појави пречка за доделување на наградата, односно добитникот не е достапен на телефонскиот број со кој учествува на наградната игра во рок од 5 дена од денот на известувањето, од било која причина, за која не е и нема да биде одговорен Организаторот, ниту пак Нарачателот на наградната игра, ќе се смета дека не сака да ја подигне наградата и тој/таа го губи правото на награда.
- Организаторот нема да има дополнителна одговорност кон учесникот или во случај да е одбран добитник кој според овие правила нема право на учество во оваа наградна игра, во таков случај  наградата ќе ја добие првиот резервен добитник, а доколку постои уште една пречка за доделување, наградата ќе ја добие вториот резервен добитник. Доколку постои пречка за доделување на наградата и на вториот резервен добитник таа награда останува недоделена и му останува на Нарачателот на наградната игра (Пивара Скопје АД).
- Како резервни добитници на секој добитник кај механизмот на добитни моменти ќе се сметаат двата наредни недобитни кодови кои биле испратени непосредно по кодот кој е определен за добитен.
- Во механизмот на извлекување ќе се извлекуваат уште два резервни добитници во случај добитникот да не биде достапен на контакт центарот или пак да не сака да ја подигне наградата.
- Во случај на крајот на наградната игра да има помалку добитници од предвидени награди за доделување – наградите остануваат како недоделени и му остануваат на Нарачателот на наградната игра (Пивара Скопја АД).
- За спроведувањето на наградната игра ќе се грижи жири комисија со членови составени од:
    1) Претставник од Пивара Скопје АД
    2) Претставник од ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје
    3) Претставник од НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ

## Член 9. Објавување на резултатите од наградната игра

- Добитниците на награди ќе бидат објавени во рок од 3 дена од извлекувањето на интернет страницата www.polnacasa.mk со објавување на телефонскиот број кој е регистриран (без последните 2 цифри од телефонскиот број).
- Добитниците на награди со самото учество во наградната игра се согласни доколку изберат или бидат извлечени за некоја награда, нивниот телефонски број (без последните 2 цифри од телефонскиот број) да биде јавно објавен на горенаведената интернет страница.
- По добивање на повратна порака дека е добитник на награда, добитникот ќе биде контактиран од оператор ангажиран од Организаторот, на телефонскиот број преку кој е регистриран за учество, со цел да ги достави своите податоци наведени подолу.
- Сите добитници во наградната игра ќе бидат должни да ги остават следниве податоци: име, презиме и адреса за достава на наградата.
- **Целта на користење и трансфер на погоре наведените лични податоци од страна на Организаторот е исклучително да помогне во спроведувањето и во администрирањето на учеството во наградната игра**, **односно** заради идентификација на лицето проверка на правото за учество во наградната игра и за доделување на наградата, преку увид во личната карта на добитниците.  Со учество во Наградната игра и прифаќање на овие правила добитникот е согласен податоците за испорака (име, презиме,адреса за достава), односно овие лични податоци, да бидат проследени до операторот за контакт ангажиран од Организаторот, како и до правното лице (курирската служба) кое ја организира испораката на наградите.

**Член 10. Доделување на наградите**

- Наградите ќе бидат доделени во рок не подолг од 60 дена од извлекувањето на истите.
- По истекот на 60-те дена од извлекувањето, Организаторот нема никаква одговорност околу наградите.
- Добитниците не може да ги заменат своите награди за паричен износ еднаков на нивната вредност, ниту пак за кој било друг предмет.
- Добитниците на награди по известувањето од страна на организаторот дека се добитници, ќе треба да го остават своето име и презиме, како и адреса за достава на наградата. Наградите ќе се доставаат од страна на правно лице (курирска служба) ангажирана од Организаторот на наградната игра (или Нарачателот). Вратените награди не се пренесуваат на резервните добитници и остануваат сопственост на Нарачателот на наградната игра.
- Во случај  да нема доволно пријавени учесници за да се доделат планираните награди – награди-те, остануваат како недоделени и му остануваат на Нарачателот на наградната игра (Пивара Скопја АД).

**Член 11. Услови за подигнување на наградите**

- **Наградите ќе им бидат доставени на добитниците на наведената адреса за достава од страна на правно лице (курирска служба**) **за достава на брзи пратки**, ангажиран**а од страна на Организаторот на наградната игра**.
- Вработените кај правното лице (курирската служба) за достава на брзи пратки ќе извршат увид во документ за лична идентификација на добитникот. Доколку добитникот не е полнолетен, не може да ја подигне наградата.
- **Доколку добитникот од која било причина не е во можност лично да ја подигне наградата од извлекувањето**, може да назначи лице што ќе го стори тоа во негово име, со претходно известување на Организаторот. **Назначеното лице ќе може да ја подигне наградата на добитникот со приложување на оригиналната порака** и овластување од добитникот (изјава заверена на нотар) дека го овластува лицето за подигање на наградата. Лицето кое ја подига наградата во име на добитникот треба да се идентификува со свој документ за лична идентификација на увид..
- **Ако добитникот на наградата од извлекувањето го откаже подигнувањето на наградата од која било причина, должен е за тоа да го извести Организаторот во рок од 8 дена од денот кога е известен дека е добитник на награда**.

**Член 12. Право на приговор**

- **Секој учесник има право да поднесе приговор во писмена форма за текот на наградната игра на адреса на организаторот во рок од** 5 (**пет**) дена од објавување на резултатите **од извлекувањето**, а **Организаторот ќе одговори на приговорот во рок од** 5 (**пет**) дена од денот на неговиот прием.

**Член 13. Грешки**

- **Во случај на печатни грешки во рекламните материјали Организаторот односно Нарачателот нема да се сметаат за одговорни**.

**Член 14. Одговорност**

- **Наградите ќе бидат обезбедени од страна на Нарачателот (Пивара Скопје АД**).
- **Организаторот ќе биде одговорен до целосна реализација на наградите, односно до**

**подигнувањето на наградите или најдоцна до 60 дена од денот на објавувањето на добитниците од последното извлекување.**

- **Со плаќањето на персоналниот данок и преземањето на наградите, престануваат понатамошните обврски на Организаторот на наградната игра спрема добитниците.**
- **Организаторот нема никаква одговорност која може да произлезе од користењето на наградите, како и плаќање на штети кои на некаков начин се поврзани со користењето на наградата.**
- **Организаторот**, односно Нарачателот, **не презема одговорност во случај на спор помеѓу учесниците во наградната игра во врска со сопственоста на капачињата**, односно отварачите на лименките **со кодови**.
- **Потенцијалниот учесник во оваа наградна игра разбира и се согласува дека учествува во наградната игра на свој сопствен ризик.**
- **Со самото учество во наградната игра учесникот се согласува, доколку биде извлечен за некоја од наградите, да биде објавен телефонскиот број** (без последните две цифри) **од кој е испратена пораката на веб страницата** www.polnacasa.mk. и е согласен доброволно да ги даде лични податоци наведени во чл.9 од овие правила.
- **Организаторот на наградната игра не дава гаранција дека учесникот ќе добие награда доколку потроши поголема сума на пари.**
- **Организаторот не одговара во случај кога добиена награда не може да биде дадена или искористена поради невозможност потенцијалниот добитник или негов претставник да се јави и да ја добие наградата во определените рокови или поради други технички или правни пречки врзани со конкретниот добитник или негов претставник и поради околности предизвикани од виша сила, нормативни или законски ограничувања или други околности.**

## Член 15 Одобрение за обработката на личните податоци

- Сите добитници во механизмот на добитни моменти на наградната игра се согласни по добиеното известување дека се добитници, да ги достават следните податоци: име, презиме и адреса за достава, како би можела да им се достави наградата на нивната адреса.
- Сите добитници во механизмот на наградно извлекување се согласни по добиеното известување од страна на Контакт-Центарот да ги дадат следниве податоци: име, презиме, адреса за достава, како и матичен број со цел регулирање на даночните обврски кои може да произлезат од висината на наградата, како и достава на наградата на негова лична адреса.
- Организаторот ќе ги користи и обработува личните податоци на добитниците исклучиво за целите на Наградната игра и тоа заради идентификација на добитникот, заради проверка на правото за учество во наградната игра и за испорака на наградата и вршењето увид во личната карта е потребно за да се утврди правото на учество во наградната игра.
- Со ова добитникот е согласен овие лични податоци (име, презиме, улица, град) да бидат проследени и до правно лице (курирска служба) заради испорака на наградата. За оваа цел добитникот ќе потпише изјава за согласност за користење на лични податоци.
- Од страна на ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје и НТХ МЕДИА МАКЕДОНИЈА ДООЕЛ СКОПЈЕ ќе бидат определени лица овластени за обработка на личните податоци поврзани со реализацијата на оваа наградна игра. Овластените лица своерачно ќе потпишат и Изјава за тајност и заштита на личните податоци согласно прописите за заштита на личните податоци.
- Организаторот на наградната игра се обврзува дека нема да ги проследува личните податоци на трети лица, освен доколку е тоа потребно за изведување на наградната игра согласно закон.
- Организаторот на наградната игра се обврзува дека личните податоци ќе ги обработува и чува во период од 3 месеци по завршувањето на наградната игра  дека во овој период ќе применува

технички и организациски мерки кои ќе обезбедуваат соодветен степен на тајност и заштита на лични податоци на субјектите на лични податоци . После тоа истите ќе ги уништи согласно неговите процедури за уништување документи, а според прописите за заштита на лични податоци. **Доколку учесникот сака да се информира за начинот на обработка на неговите лични податоци, за тоа може да се јави на телефонскиот број** 02/ 3207 757 **секој работен ден од 9:00 до 1**6:00 часот.

## Член 16. Прекинување на наградната игра

- **Наградната игра може да биде прекината во случај на виша сила**, согласно чл.8 од Законот за игри на среќа и забавни игри, вклучувајќи ја неможноста на Организаторот да ја изведе наградната игра поради причини независни од неговата волја. Во овој случај, Организаторот, по известувањето и добиената согласност од Министерството за финансии, треба да ги информира потрошувачите за прекинувањето на наградната игра, за причините за прекинувањето и за датумот на прекинување преку соопштение во медиумите.

## Член 17. Потенцијални спорови

- **Во случај на спор помеѓу Организаторот и учесниците на наградната игра, надлежни се соодветните стварно и месно надлежни судови во Скопје.**

## Член 18. Задолжителни правила

- **Овие официјални правила важат од денот на нивното донесување, а ќе започнат да се применуваат откако Министерството за Финансии ќе издаде Дозвола за приредување на игра на среќа – наградна игра и истите ќе важат сè до завршувањето на наградната игра. Со учеството во наградната игра секој учесник ги прифаќа сите права и обврски утврдени во овие правила.**
- **Сите заинтересирани може да добијат примерок од правилата на наградната игра на свој трошок од канцелариите на ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје.**
- **За дополнителни информации учесниците може да се јават на телефонскиот број** 02/ 3207 757 **секој работен ден од 9:00 до 1**6:00 часот, во периодот од 15.05.2021 **година до** 11.08.2021 **година**.

Организатор

ММС Комуникации Македонија ДОО Скопје